РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-585/9
03-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предмет број предмет број 12-585/1 од 30.01.2026 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во работењето на ЈОУДГ Градинка „----------------" ------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што за пријавените наводи постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-585/1 од 30.01.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во ДКСК е оформен предмет број 12-585/1 од 30.01.2026 година по анонимна пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во работењето на ЈОУДГ Градинка „------------------" ----------------. Во пријавата се наведува дека со преземање на одредени дејствија од страна на одговорното лице и други службени лица на наведената детска градинка, се оштетувал буџетот на градинката, биле повредени работните права на вработените, се вршело селективно плаќање на награди и јубилејни награди на вработените, несоодветно се управувале јавните финансиски средства на градинката и се пренаменувале истите заради лични интереси. Исто така во пријавата се наведува дека во градинката се ангажирале приправници спротивно на одредбите од Законот за работни односи.

Со цел проверка на пријавените наводи и утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК достави барање за доставување на информации до Државниот

инспекторат за труд, Министерството за социјална политика, демографија и млади и ЈОУДГ „---------------“ ---------------.

Државниот инспекторат за труд по барање на ДКСК извршил вонреден инспекциски надзор од областа на работните односи во ЈОУДГ „------------“ -------- и во Записникот бр.ИП -------------- од 27.03.2026 година констатирал дека до денот на извршување на надзорот не биле исплатени јубилејни награди на вработени за кои било поднесено барање до општината додека по однос на наводите за ангажирање на приправници предметот бил доставен на надлежно постапување на Министерството за социјална политика, демографија и млади, согласно член 62 став 4 од Законот за инспекциски надзор.

Министерството за социјална политика, демографија и млади, спровел вонреден инспекциски надзор во предметната детска установа на 20.04.2026 година констатиран со Записник со бр.ИП ---------/-- од 21.04.2026 година. При надзорот по однос на наводите за незаконско ангажирање на 7 приправници во градинката не биле констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзорот, а по однос на исплатата на јубилејните награди, Министерството ја задолжило установата за деца да направи повторен увид во списокот на вработените, на кои е потребно согласно позитивните законски прописи да им се исплати јубилејна награда, во смисла на исправка на износот и годините на стаж, се со цел да се отстранат сомневањата за селективност во исплаќањето на јубилејни награди на вработените.

ЈОУ Детска градинка „-------------“ во -------- постапила по задолжението/укажувањето на Министерството за социјална политика, демографија и млади содржано во Записникот со архивски број ИП ---------/-- од 21.04.2026 година по што презела мерки за отстранување на констатираниот пропуст и извршила корекција на доставените податоци во барањето до Општината -----------. По однос на наводите за ангажирање на приправници, установата известува дека постапката била спроведена согласно со закон, а од доставената документација од страна на детската градинка, констатирано е дека установата добила Согласност со бр.----------/2 од 04.05.2023 година од Министерството за финансии за обезбедување на финасиски средства за реализација на вработувањата, кои се предмет на пријавата.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека по пријавените наводи постапиле други надлежни орган и не биле констатирани неправилности во работењето на пријавнеиот субјект а по однос на констатиранитот пропуст во работењето на јавната установа биле преземени соодветни мерки за негово надминување.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., Член на ДКСК/Anëtar i KSHPK